**<u>Н А Ц Р Т</u>**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.6.2018 година**

**Скопје, јуни 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 5.6.2018 година**

Седницата започна во 12:45 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од Шеесет и седмата и Шеесет и деветтата седница на Владата, одржани на 8.5.2018 година и 22.5.2018 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

  - Информација за подготовките за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово

  - Информација за подготовка на 15-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, со прилог-Дневен ред

- **Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

  - Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот (спроведување на ИПА)

- **Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „БАУМЕР“ ДООЕЛ Скопје

2. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, со Предлог-одлука

3. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината,

Нацрт-договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште и Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште

4. Предлог-одлука за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, Предлог-договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Зенитх интернатионал продуцтс“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште и Предлог-одлука за давање согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Зенитх интернатионал продуцтс“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште

5. Предлог–одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, со Анекс договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови „САГЕН“ ДООЕЛ Скопје,  заведен кај закуподавачот под број 09-536/1 од 19.3.2018 година и Предлог–одлука за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови „САГЕН“ ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-536/1 од 19.3.2018 година

6. Информација за договор за јавна набавка за избор на независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во ТИРЗ Тетово

7. Предлог-одлука за прогласување на Споменичката целина „Археолошки локалитет Хераклеа Линкестис” во Битола за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

8. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица

9. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.У-12/18)

10. Информација со барање согласност за спроведување постапка за отуѓување на електронски отпад, со Предлог-одлука

11. Информација во врска со потребата за обезбедување дополнителни средства за финансирање на надзорот на работите на проектот за реконструкција на железичката пруга од источна делница на коридор 8, делница Куманово – Бељаковце од постојната кредитна линија

12. Предлог–одлуки за давање согласност за отстапување на одземени предмети (вкупно 32 моторни возила и беспилотни летала) со правосилни пресуди/одлуки на единиците на локалната самоуправа и други државни органи и Предлог - одлуки за престанување на важењето на одлуките за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни пресуди/ одлуки

13. Предлог-одлуки за давање согласност за отстапување на трајно одземени предмети (мотори и други предмети) во управна постапка на единиците на локалната самоуправа и други државни органи

14. Преддлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за финансии - Царинска управа (Опел Астра 2008 година)

15. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за локална самоуправа

16. Информација за спроведување на активностите за анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции

17. Годишен извештај за работата на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации за 2017 година

18. Барање согласност за отуѓување на движни ствари во државна сопственост, со Предлог-одлука

**б) Економски систем и тековна економска политика**

19. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „с.Раборци“, Општина Струмица, со Предлог-одлука

20. Информација во врска со новиот текст на Јавниот повик и Тендерската документација за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман бр. 44-4187/1 од 19.12.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.189/2017)

21. Информација за активностите за изработка на среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија

22. Информација за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со Предлог–решение

23. Информација со Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на

изработка на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектна документација, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко планска документација за бр. КП бр.35, запишана во Имотен лист бр. 2140 за КО Бардовци

24. Информација во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2017 година за Меѓународниот аеродром Скопје

25. Информација за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци

26. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки

27. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Бајрамовци, Општина Центар Жупа, со Предлог-одлука

**в) Политички систем**

28. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ајрули против Република Македонија (А.бр. 2213/15), Костурски против Република Македонија (А.бр. 40411/15), Псалтиров против Република Македонија (А.бр. 32576/15), Харуни против Република Македонија (А.бр. 8082/15) и Милчин против Република Македонија (А.бр. 17607/15)

29. Информација за примена на Законот за медијација во делот на надлежностите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата

30. Извештај за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за статус меѓу Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, со текст на Нацрт-договор

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

31. Информација за проектот „Зајакнување на дневните болници“, со Акциски план

32. Информација за прогресот во врска со отстапувањето на канцеларии од страна на општините на месно надлежните центри за социјална работа за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата

## Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) Економски систем и тековна економска политика**

33. Предлог-одлука за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје

34. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на дејностите од пошироко значење и интерес за кои што ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка

35. Предлог-одлука за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции „Нормак инвестмент гроуп“ АД Тетово и „Глас флекс“ ДООЕЛ Скопје

**б) Политички систем**

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци

37. Предлог-одлука за давање во закуп на недвижна ствар (КО Центар 1)

**в) Човечки ресурси и одржлив развој**

38. Предлог-решение за назначување на претседавач и членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) По барање на органи, организации и други правни лица**

39. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.23/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21 и член 36 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011, 136/2011, 6/2012, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и 39/2016), поднесена од Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ЕКО-ПАК ХИТ од Кочани

40. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје за налог за извршување врз недвижност под И. бр. 981/2017

**В. ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

41. Кадровски прашања

42. Прашања и предлози

## Г. ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

43. Информација за степенот на реализација на проектите и нивната функционалност т.е. отстапена опрема преку ИПА Компонента IV

44. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Македонски шуми“ - Скопје за период јануари - март 2018 година

45. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Македонија“ за период јануари - март 2018 година

46. Извештај за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период 1.10.2017 - 31.12.2017 година

47. Извештај за материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево, за четврт квартал на 2017 година, согласно член 5, став 3 од Законот за јавните претпријатија

48. Извештај за материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево, за прв квартал на 2018 година, согласно член 5, став 3 од Законот за јавните претпријатија

49. Информација за степенот на реализација на Проектот - Изградба на „Стариот театар“ во Струмица

50. Информација за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

51. Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски, бр.03-7149/1 од 13.12.2017 година, со Предлог-одлука

52. Информација во врска со одржувањето на 155-тата седница на Одборот на директори на друштвото „Претпријатие на нафтоводот Солун-Скопје-Вардакс АД“, закажана за 11.6.2018 година

53. Информација во врска со пропишување на вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија кои користат повластена тарифа, со Предлог-одлука

54. Информација за утврдениот план на активности, динамика на реализација и обезбедените средства за промоција на Република Македонија како земја - партнер на 56-тото издание на саемот АГРА 2018, Словенија, со План со активности

55. Информација за исполнување на барањата за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Македонија на пазарите во Европската Унија

56. Информација за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со Ревидиран оперативен план

57. Информација за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и интеграција на Ромите 2020 (за период јануари - март 2018 година), со Предлог одлука за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и донесување на Решение за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, со Предлог-решение за престанување на важењето на Решението за именување членови на Националното координативно тело за имплементација на националните акциски планови од Декадата на Ромите

58. Информација за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од Шеесет и седмата и Шеесет и деветтата седница на Владата, одржани на 8.5.2018 година и 22.5.2018 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

- **Информација за подготовките за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовките за одржување на прва заедничка седница на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово ја усвои Информацијата и го задолжи д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, како координатор определен за подготовка на заедничката владина седница, во соработка со Заменикот на претседателот на Владата на Република Косово да предложат датум за одржување на првата заедничка владина седница помеѓу Република Македонија и Република Косово.

- **Информација за подготовка на 15-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, со прилог-Дневен ред**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на 15-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, со прилог-Дневен ред и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се определува на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, да претседава со 15-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 19 и 20 јуни 2018 година, во Скопје.

2. Се задолжува на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, во координација со ресорните министерства. да го определи составот на Делегацијата која ќе учествува на 15-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 19 и 20 јуни 2018 година, во Скопје.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да ја координира подготовката на 15-от состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација кој ќе се одржи на 19 и 20 јуни 2018 година, во Скопје.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, да подготви и најдоцна до 30 јули 2018 година, до Владата да достави информација за одржаниот 15-ти состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација, на 19 и 20 јуни 2018 година во Скопје.

**Користење и имплементација на фондовите од ЕУ**

- **Информација за отворени прашања од ИПА Мастер планот (спроведување на ИПА)**

Владата ја разгледа Информацијата за отворени прашања од ИПА Мастер планот (спроведување на ИПА) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, најдоцна до крајот на јуни 2018 година да го информира Секретаријатот за европски прашања за можноста од воспоставување на хармонизирана правна процедура за управување со целокупниот возен парк, набавен со средства од Европската Унија, да се регулира користењето и контролата на службените возила и да се воспостават методи за известување за можните проблеми во нивно правилно користење.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за внатрешни работи, најдоцна до почетокот на јули 2018 година да подготви стандардна постапка за трансфер на сопственоста на возилата која ќе ги вклучи и крајните корисници, институции на набавената опрема, со цел олеснување на нивната регистрација.

3. Се препорачува на општините Тетово, Неготино, Кратово, Крива Паланка, Делчево, Струга, Охрид, Битола, Демир Хисар и Град Скопје, најдоцна до крајот на јуни 2018 година да подготват и официјализираат внатрешни процедури за користење на моторните возила во центрите за социјална работа.

**Извештај за степенот на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за предлог - договор за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје, ја усвои Информацијата и ја задолжи Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во рок од десет дена до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за планираното доделување на државна помош, согласно предлог - договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги БАУМЕР ДООЕЛ Скопје.

**Точка 2**

Владата го разгледа новиот текст на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и заклучи да го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ги разгледа новите текстови на Предлог-одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, Нацрт-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште и Предлог-одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште и ги донесе:

1. Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство, трговија и услуги „Балканлар пластик производство“ ДОО увоз - извоз Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ги разгледа новите текстови на Предлог-одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, Предлог-договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Зенитх интернатионал продуцтс“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште и Предлог-одлуката за давање согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги Зенитх интернатионал продуцтс ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги „Зенитх интернатионал продуцтс“ ДООЕЛ Скопје, како закупец на земјиште, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ги разгледа Предлог–одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, со Анекс договор бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови САГЕН ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-536/1 од 19.3.2018 година и Предлог – одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови САГЕН ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-536/1 од 19.3.2018 година и притоа ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на лекови САГЕН ДООЕЛ Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-536/1 од 19.3.2018 година (нов текст), во предложените текстови.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за договор за јавна набавка за избор на независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во ТИРЗ Тетово, ја усвои и го одобри започнувањето на постапката за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на независен надзорен орган при изградба на внатрешна инфраструктура во ТИРЗ Тетово.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на Спомeничката целина „Археолошки локалитет Хераклеа Линкестис” во Битола за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи потребните средства за финансирање на активностите за заштита на недвижното културно добро предлагачот да ги обезбеди во рамки на Буџетот за соодветната година.

**<u>Точка 8</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица, во предложениот текст.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности, во предложениот текст.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со барање согласност за спроведување постапка за отуѓување на електронски отпад, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**<u>Точка 11</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со потребата за обезбедување дополнителни средства за финансирање на надзорот на работите на проектот за реконструкција на железичката пруга од источна делница на коридор 8, делница Куманово – Бељаковце од постојната кредитна линија и го усвои со заклучок:

- Се задолжува Министерството за финасии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје, во рок од пет дена, да достави допис до ЕБОР со барање за пренамена на средствата во износ од 1.618.200 евра од заемот за финансирање на Проектот за реконструкција на железничката пруга од источна делница на Коридор 8, делница Куманово - Бељаковце, прва фаза, со цел обезбедување на средства за финансирање на надзорот за овој проект.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ги донесе новите текстови на:

1.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на Министерството за внатрешни работи (4 дронови),

2.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на општина Липково (пмв Форд Фусион, вредност 140.000 ден.),

3.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на општина Крушево (пмв Нисан, вредност 180.000 ден.),

4.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на општина Делчево (пмв Мерцедес, вредност 200.00 ден.),

5.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на Министерството за внатрешни работи- Управа за безбедност и контраразузнавање (пмв Ауди А4, вредност 250.000 ден.),

6.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (пмв BMW 320, вредност 300.000 ден.),

7.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни Одлуки на Агенцијата за Иселеништво (пмв Ауди А4, вредност 250.000 ден.),

8.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна Одлука на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија (пмв BMW X-5, вредност 480.000 ден.),

9.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Прилеп (пмв Фолксваген пасат, вредност 220.000 ден.),

10.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Радовиш (пмв Опел Астра, вредност 160.000 ден.),

11.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Свети Николе (пмв Мерцедес Даимлер 320 ЦДИ, вредност 200.000 ден.),

12.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Чаир (пмв Јагуар, вредност 300.000 ден.),

13.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈЗУ Здравствен дом - Охрид (пмв Пежо 307, вредност 200.000 ден.),

14.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Секретаријатот за европски прашања на Владата на Република Македонија (пмв Фолксваген Пасат ЦЦ, вредност 400.000 ден.),

15.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв Фиат Пунто, вредност 160.000 ден.),

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи- Управа за безбедност и контраразузнавање (пмв BMW 375, вредност 500.000 ден.),

17.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Кавадарци (тмв Нисан комбе, вредност 300.000 ден.),

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда ЈП Македонски шуми- Скопје (тмв Мерцедес ЛП 608, вредност 60.000 ден.),

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (тмв Мерцедес Л680 Д, вредност 100.000 ден.),

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (тмв Волво Фургон 450.000 ден.),

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Град Скопје (пмв Ауди А4 Караван, 300.000 ден.),

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за финансии-Царинска управа (пмв Фолксваген Туран, вредност 292.999 ден.),

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда општина Македонски Брод (пмв Хонда Акорд, вредност 160.000 ден.),

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје (пмв Фолксваген Голф 4, вредност 180.000 ден.),

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Неготино (пмв Рено Еспејс 2.0, вредност 100.000 ден.),

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (пмв BMW 530 Д, вредност 250.000 ден.),

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Вевчани (пмв Мерцедес Е220, вредност 120.000 ден.),

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Град Скопје (тмв Мерцедес –корпа дигалка, вредност 450.000 ден.),

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (пмв Опел Зафира, вредност 240.000 ден.),

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Чучер Сандево (пмв Опел Астра, вредност 240.000 ден.),

31.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Дебар (пмв Мерцедес А170, вредност 180.000 ден.),

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Дирекција за заштита и спасување (Дрон, вредност 33.592 ден.),

33.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје (пмв ЈЕЕП Чироки 2.8 ЦРД, вредност 250.000 ден.),

34. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на НУ Музеј на Македонија- Скопје (пмв Алфа Ромео 159, вредност 420.000 ден.),

35.Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (пмв Алфа Ромео),

36. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи- Управа за безбедност и контраразузнавање (пмв Ауди А4) и

37.Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Државен универзитет Тетово (пмв Нисан Кашкаи), во предложените текстови.

Исто така,Владата заклучи да формира комисија составена од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Министерството за транспорт и врски, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот, која во рок од 30 дена треба да подготви правилник и методологија за распределба на возилата од Агенцијата за управување со одземен имот.

**Точка 13**

Владата ги разгледа новите текстови на предлог - одлуките за давање согласност за отстапување на трајно одземени предмети (мотори и други предмети) во управна постапка на единиците на локалната самоуправа и други државни органи и ги донесе:

1.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија (моторцикли Веспа)

2.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје (моторцикли Веспа)

3.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Неготино (моторцикли Веспа)

4.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Кавадарци (моторцикли Веспа)

5.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат (моторцикли Веспа),

6.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Основен Суд Скопје 1- Скопје (моторцикли Веспа),

7.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Струмица (моторцикли Веспа),

8.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Куманово (бои),

9.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Демир Хисар (бои),

10.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на ЈЗУ Здравствен дом „д-р Русе Бошковски" с.Ростуше – Ростуше (бои),

11.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Агенцијата за управување со одземен имот (бои),

12.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Арачиново (бои, силикон, лепак, кит, трака тефлонска, трака сунгереста, клешти, полиутерански прајмер, премачкувачко средство - лак, лепак за дрво, самолеплива лента, перфорирана лента, шајки, бакарна прачка за заварување, алуминиумска лента),

13.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за правда – Управа за извршување на санкции (бои),

14.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Кратово (бои) и

15.Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Битола (бои), во предложените текстови.

**Точка 14**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за финансии - Царинска управа (Опел Астра 2008 година), во предложениот текст.

## Точка 15

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2016 година на Министерството за локална самоуправа, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да започне со изготвување на Акциски план, со точно дефинирани рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за извршената ревизија на регуларност за 2016 година во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

2.Се препорачува на Министерството за локална самоуправа да започне постапка за пополнување на работна позиција - внатрешен ревизор.

## Точка 16

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за спроведување на активностите за анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции, го усвои и го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена, оваа информација да ја достави до сите органи на државната управа наведени во листата приложена кон информацијата.

## Точка 17

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работата на Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации за 2017 година.

## Точка 18

Владата по Барањето согласност за отуѓување на движни ствари во државна сопственост, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад (нов текст), во предложениот текст

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - глина на локалитетот „с.Раборци“, Општина Струмица, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - глина на локалитетот „с.Раборци“, Општина Струмица, во предложениот текст.

Притоа, претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, не присуствуваше на седницата на Владата при расправата и одлучувањето по однос на овој материјал и беше изземен, согласно доставеното Известување, врз основа на одредбите од член 13 од Законот за спречување на судир на интереси.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата во врска со новиот текст на Јавниот повик и Тендерската документација за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- мермер на локалитетот „Дебриште“, Општина Росоман бр. 44-4187/1 од 19.12.2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.189/2017), ја усвои Информацијата и го одобри новиот текст на Тендерската документација.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за активностите за изработка на среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој и образование, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за локална самоуправа и се укажува на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС), до Министерството за економија, да достават информација за реализирани мерки и активности врз основа на Националната агенда за општествена одговорност на претпријатијата за Република Македонија, како и за тековни и планирани мерки и активности во областа на општествена одговорност, најдоцна до 11.6.2018 година.

2. Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Бирото за развој и образование, Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, Министерството за локална самоуправа и се укажува на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Македонија (ЗЕЛС), до Министерството за економија да номинираат контакт лица за понатамошна комуникација во врска со среднорочната Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија, најдоцна до 11.6.2018 година.

3. Се задолжува Министерството за економија преку Секторот за поттикнување на општествена одговорност да продолжи да ги координира активностите за изработка на среднорочна Стратегија за општествена одговорност на Република Македонија и за истото да достави информација до Владата, најдоцна до 31.12.2018 година.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со Предлог – решение (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, кабинетите на министрите без ресор задолжени за странски инвестиции, Министерството за економија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, во најкраток рок да номинираат по еден член во Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции.

2.Го донесе Решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, со заклучок Министерството за економија да го преработи текстот на Решението, во насока во истото да се дополнат сите кабинети на министри без ресор задолжени за странски инвестиции (со што Комисијата да има вкупно 10 членови), како и да се дополнат имињата на сите номинирани членови.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со Предлог - одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектна документација, за изработка на ажурирана геодетска подлога за урбанистичко планска документација за бр. КП бр.35, запишана во Имотен лист бр. 2140 за КО Бардовци и го усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко - проектни документации за 2018 година (усогласен текст со Секретаријатот за законодавство).

2. Се препорачува на Агенцијата за планирање на просторот во рок од пет дена до Агенцијата за катастар на недвижности да достави дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко планска документација за КП бр.35, КО Бардовци.

3. Се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности по добивање на дефинирани граници на плански опфат со координати за локацијата за која е предвидено изработка на урбанистичко планска документација за КП бр.35, КО Бардовци, во рок од 20 дена да изработи ажурирана геодетска подлога и истата да ја достави до Агенцијата за планирање на просторот.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2017 година за Меѓународниот Аеродром Скопје, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2017 година за Меѓународниот аеродром Скопје.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потреба од набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за транспорт и врски во координација со Министерството за здравство до крајот на јуни 2018 година да го дефинираат начинот на спроведување на превентивната дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци.

2.Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја спроведе постапката за набавка на услуга за превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци за 2018 година.

Истовремено, Владата заклучи во постапката во превентивна дезинсекција против возрасни форми на комарци и против ларви од комарци од оваа година да биде вклучена и Општина Струга.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои ги донесе:

1.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шум“;

2.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница - Винички“;

3.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир Брегалница - Штипски“;

4.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 1 - Гостиварски“;

5.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 3 - Скопски“;

6.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 4 - Велешки“;

7.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 7 - Гевгелиски“;

8.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 2 - Прилепски“;

9.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 3 -  Битолски“;

10.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 1“;

11.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Пчиња 2 - Скопски“;

12.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Крива Река 2 – Кратовско - Кумановски“;

13.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Липково“;

14.Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Пчиња 1 – Кумановски;

15.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 1 - Кичевски“;

16.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски“;

17.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 2“;

18.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демирхисарски“;

19.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“;

20.Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“,
во предложените текстови.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Бајрамовци, Општина Центар Жупа, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Бајрамовци, Општина Центар Жупа, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ајрули против Република Македонија (А.бр. 2213/15), Костурски против Република Македонија (А.бр. 40411/15), Псалтиров против РМ (А.бр. 32576/15), Харуни против Република Македонија (А.бр. 8082/15) и Милчин против Република Македонија (А.бр. 17607/15) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Владиниот агент да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметите Ајрули против Република Македонија (А.бр. 2213/15), Костурски против Република Македонија (А.бр. 40411/15), Псалтиров против Република Македонија (А.бр. 32576/15), Харуни против Република Македонија (А.бр. 8082/15) и Милчин против Република Македонија (А.бр. 17607/15).

2. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во постапките пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на секој апликант во предметите Ајрули против Република Македонија (А.бр. 2213/15), Костурски против Република Македонија (А.бр. 40411/15), Псалтиров против Република Македонија (А.бр. 32576/15), Харуни против Република Македонија (А.бр. 8082/15) и Милчин против Република Македонија (А.бр. 17607/15) ќе исплати износ од 6,500 EUR (шест илјади и петстотини евра) во денарска противвредност.

3. Се овластува Владиниот агент на Република Македонија во случај апликантите во предметите Ајрули против Република Македонија (А.бр. 2213/15), Костурски против Република Македонија (А.бр. 40411/15), Псалтиров против Република Македонија (А.бр. 32576/15), Харуни против Република Македонија (А.бр. 8082/15) и Милчин против Република Македонија (А.бр. 17607/15) да не ги прифатат понудените износи за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на Законот за медијација во делот на надлежностите на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата (нов текст) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за правда, во рок од три месеци, да ја информира Владата за прогресот на преземените активности за спроведување на Законот за медијација, во делот на надлежноста на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за статус меѓу Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија, со текст на Нацрт-договор и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за извршени преговори со усогласен текст на Договорот за статус меѓу Република Македонија и Европската Унија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за статус меѓу Европската Унија и Република Македонија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија.

3. Се определува Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи во име на Владата на Република Македонија, да го парафира и потпише Договорот за статус меѓу Европската Унија и Република Македонија за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот „Зајакнување на дневните болници", со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1.Го прифати новиот текст на Акцискиот план за проектот „Зајакнување на дневните болници".

2.Се задолжува Министерството за здравство да подготвува и на секои шест месеци до Владата да доставува информации за прогресот на активностите во реализацијата на Акцискиот план, се до конечна реализација на проектот „Зајакнување на дневните болници".

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Министерството за здравство во работната група која е формирана за подготовка на концепт во кои болници и за кои специјалности треба да има дневни болници, да има претставник и од Министерството за финансии.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот во врска со отстапувањето на канцеларии од страна на општините на месно надлежните центри за социјална работа за администрирање на правата од областа на социјална заштита и заштита на децата (нов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1.Се препорачува на општините наведени во Табела бр.2 да ги отстапат на користење предложените канцеларии на неодредено време, на месно надлежниот центар за социјална работа, во рок од една недела од усвојувањето на оваа информација.

2.Се препорачува на општините наведени во Табела бр.3 да достават информација за соодветна канцеларија која ќе ја отстапат на користење на неодредено време на месно надлежниот центар за социјална работа, како и да направат отстапување на истата во рок од една недела од усвојувањето на оваа информација.

## Точка 33

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување право на сопственост на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи на наредниот состанок на Економски совет, да се разгледаат можностите и да се донесе предлог за соодветно определување на вредноста на идни градби за комерцијални употреби кои ги прави/гради Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, а се за потребите на државата и во присуство на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески и директорот на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, Кристијан Трајковски, да се заземе став во врска со ова прашање и понатамошното дејствување на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 34

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на дејностите од пошироко значење и интерес за кои што ќе може да се издвојуваат финансиски средства за поттикнување на меѓуопштинската соработка, во предложениот текст.

## Точка 35

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции Нормак инвестмент гроуп АД Тетово и Глас флекс ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Новаци, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за давање во закуп на недвижна ствар (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 38

Владата го донесе Решението за назначување на претседавач и членови на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.23/2018 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 21 и член 36 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011, 136/2011, 6/2012, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и 39/2016), поднесена од Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ЕКО-ПАК ХИТ од Кочани и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 8 алинеја 10 од Уставот на Република Македонија, една од темелните вредности на Уставот на Република Македонија е „уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата“. Воедно во членот 43 од Уставот на Република Македонија, како едно од основните економски, социјални и културни права е утврдено дека: „Секој човек има право на здрава животна средина“, „Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата“ и „Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина“.

Согласно член 56 од Уставот на Република Македонија, „сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и на националностите, како и на добрата кои го сочинуваат, без оглед на нивниот правен режим. Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење“.

Дополнително, во член 55 се уредуваат основите на економските услови при што е утврдено дека со Уставот на Република Македонија: „Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето“.

Во член 4 од Законот за пакување и отпад од пакување е наведено дека „Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која што се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон“.

Во член 2 од Законот за пакување и отпад од пакување е утврдено начелото за супсидијарна примена на други закони:

„(1) На прашањата кои се поврзани со правилата за управување со отпад од пакувања кои не се посебно регулирани со овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за управување со отпад.

(2) За регулирање на прашањата во врска со пристап до информации кои се однесуваат на животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуките, оцена на влијанието од определени стратегии, планови и програми врз животната средина, оцена на

влијанијата од определени проекти врз животната средина, се применуваат одредбите од Законот за животната средина, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(3) На постапките утврдени со овој закон се применува Законот за општата управна постапка доколку со овој закон поинаку не е уредено.“

Во член 3 од Законот за пакување и отпад од пакување во алинеите 4, 5 и 6 се утврдени следните цели:

„Во согласност со начелото на одржлив развој, целите на овој закон се:

- да се спречи или да се намали негативното влијание врз животната средина од отпадот од пакување и да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина,
- да се постигне високо ниво на повторна употреба на пакувањето и
- да се постигне високо ниво на рециклирањето и други видови на преработка на отпадот од пакување и намалување на крајното отстранување на отпадот од пакување.“

Во членот 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 161/2009, 17/2011, 47/2011, 136/2011, 6/2012, 39/2012, 163/2013, 146/2015 и 39/2016), се пропишува дека правното лице за постапување со отпад од пакување може да постапува со отпад од пакување во име и за сметка на производителите, доколку има обезбедено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија најмалку 15%, но не повеќе од 51% од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година и да поседува дозвола од ставот (2) на овој член.

Притоа, правното лице за постапување со отпад од пакување е должно да обезбеди дозвола за постапување со отпад од пакување од Министерството за животна средина и просторно планирање, врз основа на писмено барање кое се доставува со одредени документи во прилог.

Законодавецот имал во предвид дека заради постигнување на условот од 15% е потребно време, при што определил дека во рок од една година од денот на добивањето на дозволата треба да се постигне бараниот процент, при тоа се започнува со 5% склучени договори со производители кои пуштаат на пазар во Република Македонија примарно, секундарно и терцијално пакување во текот на една година.

Доколку во определениот рок правното лице кое има дозвола за колективен постапувач за отпад од пакување не го постигнал одредениот процент (15 проценти), произлегува дека истиот нема капацитет да врши дејност од јавен интерес и да ги постигне зададените национални цели во управувањето со отпадот од пакување.

Со оглед дека постапувањето со отпад, претставува дејност од јавен интерес, во конкретниот случај не станува збор за ограничување на конкурентност на пазарот, туку претставува утврдување на условите за вршење на дејноста на собирање и постапување со отпадот од пакување.

Имено, производителите на отпад од пакување имаат примарна обврска да плаќаат надоместок согласно член 40 од Законот за пакување и отпад од пакување согласно на

количините кои ги пуштаат на пазарот. Надоместокот има за цел да се обезбедат средства заради постигнување на националните цели на Република Македонија за собирање и преработка на отпадот од пакување.

Законодавецот имал јасна цел дека од надоместокот може да биде ослободен производителот, доколку самиот со свои средства успее да ги постигне целите, при што заради полесно остварување дава можност за здружување на производителите во колективен постапувач. Следствено на тоа, согласно член 41, став (1) од Законот за пакување и отпад од пакување, предвивен е исклучок кој гласи:

„(1) Од плаќање на надоместокот од членот 40 став (2) на овој закон се ослободени:

1) производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока доколку имаат склучено договор за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со правно лице за постапување со отпад од пакување кое има обезбедено дозвола согласно со членот 21 од овој закон,

2) производителот и производителот кој како краен корисник увезува спакувана стока имаат обезбедено потврда дека производителот е регистриран во евиденцијата на самостоен постапувач со отпад од членот 24 став (3) на овој закон и

3) субјектите кои се определени со членовите 31 и 32 од овој закон.

Односно од плаќање на надоместок се ослободени колективните постапувачи кои имаат дозвола за постапување со отпад од пакување, односно дозвола за самостојно постапање со отпад од пакување.

Заради тоа што се работи за дејност од јавен интерес, произведувачот има право да одлучи дали ќе плаќа надоместок или ќе побара дозвола за која законодавецот утврдил правила и услови кои мора да бидат поставени, со цел да се исполнат националните цели. Следствено, не може да се смета дека е ограничена економската слобода со неможноста колективните постапувачи да остваруваат добивка, затоа што примарната цел на колективните постапувачи е остварувањето на националните цели за постапување со отпад, утврдени во Законот за управување со пакување и отпад од пакување.“

Не може да се смета управувањето со отпад, односно ослободувањето од плаќање на надоместок дека е нарушување на конкурентноста, затоа што овие субјекти се должни, согласно начелото „загадувачот плаќа“ да ја исполнат својата обврска со плаќање на надоместок или да ги презема обврските за постигнување на целите од Законот преку поседување на дозвола. Имено, согласно член 6 од Законот за пакување и отпад од пакување, се заснова на неколку посебни начела, но и согласно ставот 3, законот се заснова и на начелата утврдени во Законот за животна средина:

„Во управувањето со пакувањето и отпадот од пакување, покрај начелата утврдени во овој член, соодветно се применуваат и начелата утврдени во Законот за животната средина и Законот за управување со отпад“, односно член 9 од Законот за животна средина кој гласи:

„Начело „загадувачот плаќа“

Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мера, во состојба како пред оштетувањето.“

Важно е да се напомене дека законодавецот водел сметка за конкурентноста на пазарот, со оглед на тоа што вовел ограничување, при што правното лице треба да има обезбедено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија, најмалку 15%, но не повеќе од 51% од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година. Ова овозможува како колективни постапувачи да се јават најмалку две во Република Македонија, со што може во исто време дејноста да биде вршена и од страна на други правни лица.

Имајќи ја предвид досегашната комуникација на Министерството за животна средина и просторно планирање со подносителот на барањето, на мислење сме дека во конкретниот случај се работи за тоа што подносителот на барањето за продолжување на дозволата, не го исполнил условот да има обезбедено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија, најмалку 15%. По разгледување на барањето во Министерството е утврдено дека барањето не го исполнува условот пропишан со законот, т.е. согласно член 21 став (1), нема доказ дека во моментот на поднесувањето на барањето има склучено договори за преземање на обврски за постапување со отпад од пакување со производители кои заедно пуштаат на пазар или увезуваат во Република Македонија 15% од примарното, секундарното и терцијалното пакување во текот на една година. Согласно поднесената документација, ЕКО-ПАК ХИТ ДОО Кочани има склучено договори за преземање на обврските со вкупно 284 правни лица/производители, увозници кои пуштаат на пазарот вкупно 4071, 712 тони отпад од пакување за 2016 година, што претставува 3,54% од вкупните количини на отпад од пакување на национално ниво, кои изнесуваат 115000 тони (Програма за управување со отпад од пакување, 2011 - 2015), 7,04% во однос на 57808 тони пријавени количини (средна вредност од пријавените количини за 2013 година и 2014 година, објавени во Годишниот извештај од обработени податоци за квалитетот).

Поднесувањето на иницијативата за оценување на уставноста на член 21 и член 36 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување број 13-2291/1 од 2.4.2018 година, се смета дека произлегува од постигнатиот неуспех на конкретното правно лице во административната постапка при вршење на дејност од јавен интерес.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорениот член 21 и член 36 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување, се во согласност со Уставот на Република Македонија и ЗОО и дека истите одат во прилог на правилното управување со отпадот од пакување, што е надлежност на Министертсвото за животна средина и просторно планирање и со одредениот начин на функционирање на колективните постапувачи со отпадот од пакување може да се дојде до постигнување на одредените национални цели, а со тоа и зачувување на животната средина.

Оспорените членови се во согласност со Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија, да ја одбие предметната иницијатива, како неоснована.

**Точка 40**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје за налог за извршување врз недвижност под И. бр. 981/2017 и по Известувањето го усвои Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерство за транспорт и врски.

**Точка 41**

1. Владата од должноста членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, ги разреши:

- проф. д-р Рената Дескоска и
- м-р Роберт Алаѓозовски.

1.1 Владата за членови на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, ги именува:

- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и
- Асаф Адеми, министер за култура.

2. Владата од должноста членови на Комисијата за политички систем, ги разреши:

- Билен Саљиjи и
- проф. д-р Рената Дескоска.

2.1. Владата за членови на Комисијата за политички систем, ги именува:

- проф. д-р Рената Дескоска, министерка за правда и
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука

3. Владата го именува д-р Гоце Чакаровски за Национален координатор за здравство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија, со која се утврдува коефициентот за пресметување на плата на Националниот координатор за здравство.

5. Владата за членови на Управниот одбор- претставници на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Тетово, ги именува:

- Беким Исмаили и
- Бесмал Шефити.

6. Владата го именува Камер Туша за член на Управниот одбор на ЈП за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН" - Скопје.

7. Владата за заменици членови на Посебната Комисија за утврдување условот – владеење со македонскиот јазик за стекнување на државјанство на Република Македонија, ги именува:

- Лутфи Акики и
- Арсим Асани.

8. Владата на Александра Јаневска- Гиновска и утврди престанок на мандатот претставник на Комисијата за утврдување на репрезентативноста од Министерството за економија.

8.1. Владата го определи Ѓулај Јашар од Министерството за економија за член на Комисијата за утврдување на репрезентативноста.

9. Владата за членови на Комисијата за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост, ги именува:

- Љупка Цветкова,
- Александар Диље,
- Кирил Ристовски,
- Жанета Ѓорѓиевска
- Трајче Ангеловски,
- Аднан Алии и
- Насер Даути.

10. Владата му предлага на Собранието на Интернационалниот картичен систем АД - Скопје (КаСис АД Скопје), да го отповика Филип Аврамчев од должноста член на Надзорниот одбор на Интернационалниот картичен систем АД – Скопје, на негово барање, а за член на Надзорниот одбор на Интернационалниот картичен систем АД – Скопје да го избере Илија Чиливанов, правник од Скопје.

11. Владата заклучи предлогот за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, да се одложи за една од наредните седници на Владата.

2. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Интернационалниот картичен систем АД - Скопје (КаСис АД Скопје), да го отповика Филип Аврамчев од должноста член на надзорниот одбор на Интернационалниот картичен систем АД – Скопје, на негово барање, а за член на надзорниот одбор на Интернационалниот картичен систем АД – Скопје да го избере Илија Чиливанов, правник од Скопје.

## Точка 42

1. Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев на новоизбраните министри и заменици на министри им го честита изборот и им посака успешна работа и резултати од нивното работење.

2. Владата го донесе Решението за определување на паричен надоместок на членовите на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година), со заклучок, во текстот на Решението, во член 1, наместо „4.000,00 денари“, да стои „12.000,00 денари“ и да се дополни со зборовите „кои што не се функционери на извршната власт.

3. Владата, на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, а во врска со започнатата постапка за основање на Технолошко индустриска развојна зона во Општина

Липково ја задолжи Агенцијата за катастар на недвижности на наредната седница да ја информира Владата до каде е постапката со геодетскиот план со ажурирана геодетска подлога.

4. Владата ја донесе Одлуката за формирање Комисија за следење на постапките во врска со процесот за денационализација, во предложениот текст.

5. Владата се информираше со Известувањето од Регулаторната комисија за енергетика, за потребата од донесување на подзаконски акти од новиот Закон за енергетика и барање за мислење, бр.12-1140/1 од 5.6.2018 година.

6. Владата ја разгледа Информацијата за просторно сместување на министерствата и другите органи на Државната управа во новиот објект Државни институции – Јавна администрација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, по добивањето на употребната дозвола за објектот Државни институции-Јавна администрација и Факултет за драмски уметности (локалитет „Пресвета Богородица“), да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија, за да се изврши етажен премер на објектот.
2. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, по извршеното запишување на објектот на име на Република Македонија, да подготви и до Владата да достави предлог-одлуки за доделување на недвижни ствари на трајно користење на следните институции:

1) Управа за финансиска полиција, вкупна површина 1370 м2, на приземје и кат 1 од објектот;

2) Министерство за животна средина и просторно планирање, вкупна површина од 4735 м2, на кат 2, кат 3, кат 4, кат 7 и кат 8 од објектот;

3) Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, вкупна површина од 1584 м2, на кат 5;

4) Управа за финансиско разузнавање, вкупна површина од 402 м2, на кат 6 од објектот.

3. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, по иселувањето на Министерството за животна средина и просторно планирање од просториите во објектот на Македонска радио телевизија, на кат 10, кат 11 и кат 12, да подготви и до Владата да достави предлог-одлуки за доделување на недвижни ствари на трајно користење на следните институции во истите:

1) Национална агенција за европско образовни програми и мобилност, вкупна површина од 700 м2, на кат 10 од објектот;

2) Државен испитен центар, вкупна површина од 400 м2, на кат 10 од објектот;

3) Агенција за цивилно воздухопловство, со вкупна површина од 1650м2 на кат 11 и кат 12.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, после иселувањето од објектот „ТЦ Скопјанка" и преселување во објектот на Македонска радио телевизија, до Владата да достави соодветна предлог-одлука, со која деловниот простор во објектот „ТЦ Скопјанка" ќе го додели на трајно користење на Државниот завод за индустриска сопственост.

7. По повод укажувањето на д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, а во врска со Заклучокот донесен на 67-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 8.5.2018 година, под точка 77, Прашања и предлози, Владата заклучи да се измени точката 2, односно рокот да се продолжи за дополнитени 30 дена и истата да гласи:
„2.Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Општина Струга и Општина Охрид (Работната група), да ја согледаат потребата и да предложат евентуална поделба на МЈП- Проаква Р.Е.Водовод – Охрид, имајќи ги предвид последиците кои би произлегле од таквата поделба, за што да ја информираат Владата во рок од 60 дена.".

8. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 21.5.2018 година до 27.5.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

9. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 28.5.2018 година до 3.6.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите и нивната функционалност т.е. отстапена опрема преку ИПА Компонента IV (нов текст), како материјал за информирање.

## Точка 44

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Македонски шуми" - Скопје за период јануари - март 2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се укажува на Јавното претпријатие „Македонски шуми" – Скопје:

- да утврди одговорност во однос на прашањето за невраќање на депозитите и правните последици од тоа,

- да ја разгледа можноста во следните договори оваа проблематика да се уреди во договорите преку механизмот на задржување на средства за квалитетно извршување и

- да води сметка за нивото на производство и зголемување на приходната страна на производството.

**Точка 45**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие „Службен весник на Република Македонија“ за период јануари - март 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола за период 1.10.2017 - 31.12.2017 година, како материјал за информирање, притоа имајќи го предвид укажувањето во мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање да се преземаат мерки и активности за надминување на загубата.

**Точка 47**

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево, за четврт квартал на 2017 година, согласно член 5, став 3 од Законот за јавните претпријатија, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата го разгледа Извештајот за материјално финансиското работење на ЈП за водоснабдување Студенчица – Кичево, за прв квартал на 2018 година, согласно член 5, став 3 од Законот за јавните претпријатија, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на Проектот - Изградба на „Стариот театар“ во Струмица, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на реализацијата на активностите за функционирање на мрежата за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата по Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за регулирање на меѓусебните права и обврски, бр.03-7149/1 од 13.12.2017 година ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржувањето на 155-тата седница на Одборот на директори на друштвото „Претпријатие на нафтоводот Солун-Скопје-Вардакс АД“, закажана за 11.6.2018 година и ја усвои со следниве заклучоци:

Се задолжува претставникот на Република Македонија во Одборот на директори на друштвото „Претпријатие на нафтоводот Солун-Скопје-Вардакс АД“, Бобе Цецев, да се изјасни и да гласа по точките од Дневниот ред на 155-тата седница на Одборот на директори на друштвото „Претпријатие на нафтоводот Солун - Скопје - Вардакс АД“, закажана за 11.6.2018 година, на следниов начин:

- по однос на точката под реден број 2, да биде „ВОЗДРЖАН“, за одобрувањето на финансиските состојби за работењето во периодот 1.1.2017-31.12.2017 година, согласно со Меѓународните сметководствени стандарди (М.С.С.), со релевантните извештаи на ревизорите под заклетва и Извештајот за управување на Одборот на директори на друштвото „Претпријатие на нафтоводот Солун-Скопје-Вардакс АД“.

- по однос на точката под реден број 3, да гласа „ЗА“, за свикување на редовно Генерално собрание.

- по однос на точката под реден број 4, да биде „ВОЗДРЖАН“, за работа за заменување на вентилите за изолирање на цевководот.

- по однос на точката под реден број 5, да гласа „ЗА“, за одобрување на трансфер на парични средства со вкупен износ од 20.000 евра во банкарската сметка на подружницата на друштвото (VARDAX BRANCH OFFICE) во Скопје.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со пропишување на вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија кои користат повластена тарифа, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе текстот на Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија кои користат повластена тарифа, кој Министерството за економија ќе го усогласи со Секретаријатот за законодавство и ќе го достави до Владата.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдениот план на активности, динамика на реализација и обезбедените средства за промоција на Република Македонија како земја - партнер на 56-тото издание на саемот АГРА 2018, Словенија, со План со активности, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнување на барањата за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Македонија на пазарите во Европската Унија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да поднесе барање до Европската Комисија за извоз на меркантилен и семенски компир од Република Македонија на пазарите во Европската Унија.

2. Се задолжуваат надлежните органи вклучени во фитосанитарниот систем да ги реализираат активностите од Табела 2 и 3 од оваа информација.
3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарната управа да ја информира Владата за напредокот на оваа активност во рок од шест месеци.

**Точка 56**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за Ревидиран оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година, со Ревидиран оперативен план, поради потребата истата претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и интеграција на ромите 2020 (за период јануари - март 2018 година), со Предлог одлука за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и донесување на Решение за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, со Предлог-решение за престанување на важењето на Решението за именување членови на Националното координативно тело за имплементација на националните акциски планови од Декадата на Ромите и ја усвои Информацијата со следниве нови заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020.

2. Го донесе Решението за престанување на важењето на Решението за именување членови на Националното координативно тело за имплементација на националните акциски планови од Декадата на Ромите.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од два дена од усвојувањето на оваа информација, да достави номинација за заменик член на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за назначување на членови и заменици членови на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, да се разгледа на наредната седница на Владата, откако истото претходно ќе се разгледа на наредната седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**<u>Точка 58</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА<br>НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА<br>НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| д-р Драги Рашковски | Зоран Заев |